**СОСТОЈБА СО ГРИП ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,**
**СЕЗОНА 2024/2025**
**(42 недела, до 20.10.2024)**

## *Неделни податоци*

Во текот на **42-ра недела** од 2024 година (од 14-20.10.2024), во Република Северна Македонија, пријавени се 50 случаи (I=2,7/100.000 жители) на групни пријави за заболени од грип/ заболувања слични на грип, за 61,3% повеќе во споредба со претходната недела (n=31). Во споредба со 42-ра недела од минатата сезона, (n=53), се регистрира намалување од 5,7%, додека во однос на моделот за последните 14 сезони (n=38), се регистрира зголемување од 31,9%.

Заболените лица оваа недела се регистрирани во Куманово – 18, Гостивар – 16, Свети Николе – 7, Тетово – 5 и Кавадарци и Кочани – по 2.

Во однос на возраста, од 15-64 години се регистрирани 38 лица, 5 лица се на возраст над 65 години, 6 се деца на возраст од 5-14 години и едно е дете на возраст од 0-4 години.

Кумулативно, заклучно со 42-ра недела, пријавени се вкупно 106 случаи (I=5,8/100.000 жители).

Во текот на 42-ра извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигна 21 материјал за лабораториско тестирање на грип, од кои 10 од сентинел САРИ надзорот, паралелно тестирани за грип и COVID-19 и истите се со негативен резултат за присуство на инфлуенца вирусот.

Кумулативно, досега се тестирани 39 материјали од кои сите со негативен резултат за инфлуенца.

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување. Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

За сезоната 2024/2025, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 70.000 дози, наменета за приоритетни групи население. Дополнителни 10.000 дози на четиривалентна вакцина се обезбедени преку донација од PIVI (Partnership for Influenza Vaccine Introduction).

Вакцинацијата против сезонски грип за сезоната 2024/2025 започна на 21.10.2024 година и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици и/или Здравствените домови. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната **www.vakcinacija.mk**.

Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 12.165 лица од ризичните категории население со бесплатни вакцини.

Дополнителни 2.600 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи, истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.

Во однос на комерцијалните вакцини, вакцинирани се 373 лица.

**Во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 12.538 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за 41-ва недела 2024 година, активноста на вирусот на грип е на меѓусезонско ниво, карактеристично за овој период од годината.

Стапките на заболување слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се покачени над основните нивоа во 7 од 29 земји од СЗО европскиот регион.

Позитивноста на SARS-COV-2 на регионално ниво продолжува полека да опаѓа, но има варијации помеѓу земјите. Постарите возрасни групи и понатаму претставуваат најголем дел од случаите. Активноста на грипот и РСВ остануваат на ниско ниво.

На регионално ниво, приемите во болница и интензивна нега за грип и РСВ се стабилни на ниски нивоа. Приемите за SARS-CoV-2 се стабилни.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***